# ПРАВИЛО ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ СЕДМЕРЦИ

1. Пред почетокот на изведување седмерци, двете екипи треба да одредат по 5 играчи кои имаат право на играње во моментот кога се изведуваат седмерците. Дисквалификувани играчи и играчи на кои во тој момент им тече казна исклучување на 2 минути, немаат право да бидат на списокот за иведување седмерци. Редоследот на играчи за изведување седмерци слободно си го одредуваат преставниците на екипите.

2. При изведувањето на седмерците голманите можат да се заменат согласно правилата на ракометна игра. Голманите може да изведат седмерец а играчите може да бидат голмани (согласно ракометните правила)

3. Судиите одлучуват на кој гол ке се изведуваат седмерците. Со жреб ке се одреди која екипа прва ке изведе седмерец

4. Ако после изведената прва серија од 5 седмерци резултатот е нерешен, се продолжува со изведување седмерци до добивање на победник. Се одредуват пак 5 играчи (може да се одреди играч кој изведувал седмерец во првата серија) а прв во втората серија седмерец изведува екипата што во првата серија прва бранела седмерец. Во втората серија, при прво промашување на едната екипа а другата да го реализирала седмерецот, се прекинува изведувањето на седмерци и тој резултат е **конечен**. Ако и по втората серија нема победник, уште еднаш се одредуват 5 играчи за изведување нова серија седмерци се додека не се добие победник (ако едната екипа го реализира седмерецот а другата промаши, изведувањето на седмерци се прекинува).

5. Сериозните прекршувања на правилата на ракометната игра при изведувањето на седмерци ке се казнат со дисквалификација. Дисквалификуван или повреден играч што треба да изведе седмерец ке се замени со друг играч.

Комисија за стручни прашања